ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.07- 7/22-5

04.02.2022 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, Силвана Дејаноска, по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.3/21, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место судски советник– 1-еден извршител, по донесената и јавно објавена одлука за избор за вработување на 03.02.2022 година, на ден 04.02.2022 година, ја врши следната:

**ИСПРАВКА на одлуката**
**за избор за вработување**

Се врши исправка на одлуката за вработување СУ бр.07-2/22-2 од 03.02.2022 година на начин што во диспозитивот на одлуката наместо зборовите ,,за работно место судски соработник,, треба да стои,,за работно место судски советник,, и во бројот на штембилот горе лево, наместо ,,СУ бр.07-2/22-2 ,, треба да стои ,,СУ бр.07-7/22-2,,.

Во се останато одлуката останува иста.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 03.02.2022 година донесена и јавно објавена е Одлуката за избор за вработување на неопределено време на судски службеник за работно место ,,судски советник,,.

При изготвувањето на одлуката, направена е очигледна техничка грешка на начин што во диспозитивот на одлуката каде што е наведено за кое работно место се врши избор стои ,,за работно место судски соработник,, а од целата содржина, како и од уводот и документите произлегува дека се работи за судски советник, заради што треба да стои,,за работно место судски советник,,. Како и во бројот на штембилот горе лево каде стои ,,СУ бр.07-2/22-2 ,, а треба да стои ,,СУ бр.07-7/22-2,,.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Силвана Дејаноска

ДНА; избраниот кандидат, неизбраните кандидати, веб страна на судот, огласна табла на судот.